# ЗА БРВЕНИЦА
# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нѐ има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сѐ ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сѐ што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Застанувам пред Вас и ја барам вашата поддршка да ми се приклучите и да ме поддржите за да ја направиме Брвеница подобро место за живеење.

Сите убави нешта или поголемиот дел од нив започнуваат во местото каде живееме, во својата општина и затоа треба заеднички да ја направиме Брвеница подобро место за живеење!

Ве уверувам дека со сиот свој капацитет и знаење, ќе ја постигнам целта и ќе ја направам Брвеница подобро место за живеење.

Ќе се борам и нема да се смирам додека не ја исполнам зададената цел и затоа Ве повикувам и барам од Вас, Македонци, Албанци, Срби и останати, да ми се приклучите, зашто знам дека мојата цел е и Ваша цел и заеднички ќе ја направиме Брвеница подобро место за живеење!

Почитувани пријатели,

Како здравствен работник ги знам потребите на возрасните. Како спортски работник ги знам потребите на младите. Како Ваш роднина, сосед и пријател ги знам проблемите со кој се соочувате секој ден. Го знам и решението на проблемите и потребите на жителите на Општина Брвеница.

Заедно со Вас, со советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Обнова на Македонија и тимот на соработници што го имам и кој е составен од стручни, посветени, истрајни и чесни луѓе, ќе работиме на:

- Модерна образовна инфраструктура и современи услови за учење;
- Подобрување на спортската инфраструктура и подобрување на условите за спортување на младите;
- Регионална инфраструктурна поврзаност;
- Воведување на концепт на зелена и чиста општина;
- Модерен и атрактивен локален туризам;
- Дигитална инфраструктура;
- Подобрување на локалните услови за водење бизнис;
- Воспоставување на европски практики и имплементирање на европски вредности; и
- Функционален систем за социјална заштита.

Во мојата програма се содржани детални проекти, поделени како итни и приоритетни и проекти со подолг рок кои се стратешки, поголеми и поскапи.

Брвеница за многу луѓе е мала општина, но за нас кои сме се родиле, растеле и живееме тука е најважната општина. Затоа ве повикувам да ми се придружите во победата и во создавањето на функционална, модерна, еколошки чиста општина, во која ќе се раѓаат, растат и живеат здрави и среќни луѓе.

Ви ветувам дека ќе создадеме подобри услови за живеење во Брвеница, додека за повисок стандард и за функционална држава ќе се погрижи претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и иден премиер на Владата на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, проф. др. ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ.

Затоа што Македонија е за сите луѓе!

Со почит,

Јовица Илиевски

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите луѓе.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 година ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб- страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија, особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за Општина Брвеница ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА БРВЕНИЦА

## МОДЕРНИЗАЦИЈА, ПРОШИРУВАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА МРЕЖАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## РАСЧИСТУВАЊЕ НА СИТЕ ДЕПОНИИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.

## ИЗГРАДБА НА ЛЕТНА СЦЕНА

(место за културни настани и поддршка на културно-уметничките друштва во општина).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## КЛИМАТИЗАЦИЈА НА УЧИЛНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАТОТ ОД СЕЛО СТЕНЧЕ ДО СЕЛО ГУРГУРНИЦА СО ЗАШТИТНА ОГРАДА (КОЛОБРАНИ) НА КРИТИЧНИ ТОЧКИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## КОНТАКТ ЦЕНТАР ЗА ДИЈАСПОРА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ ВО ОПШТИНАТА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА МИНИ СПОРТСКИ ПОЛИГОНИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА МИНИ ПАРКОВИ ЗА ДЕЦА

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА „ФЕСТИВАЛ НА ЈАБОЛКОТО“ И „ФЕСТИВАЛ НА ИССЕЛЕНИЦИТЕ“.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ И ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалната власт предводена од ВМРО–ДПМНЕ во Општина Брвеница ќе се стреми кон развој на општината. Еден од предусловите за развој на локалната самоуправа е Стратегијата за економски развој. Во таа насока, а со цел да се обезбеди конзистентност на активностите и сеопфатен пристап, како и поголема инволвираност од граѓаните и бизнис заедницата во процесот на одлучување, Општина Брвеница ќе изработи Долгорочна стратегија за локален економски развој со јасно дефинирани цели, активности и мерливи индикатори за напредокот на истата, а се со цел исполнување на една визија: Брвеница, фукционална, модерна, еколошки чиста општина, во која ќе се раѓаат, растат и живеет здрави и среќни луѓе, а воедно и атрактивна општина за водење бизнис.

## ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

### ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИТЕ И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање на научно-образовен локален центар.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС

Ново инфраструктурно решение за нова индустриската зона со парцелизација и обезбедување на целокупната инфраструктура (пристапен пат, снабдување со вода, струја и сл).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Општинската власт предводена од ВМРО–ДПМНЕ, ќе работи на директна промоција на Општина Брвеница, притоа градоначалникот и општинската администрација директно ќе контактираат со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентираат предностите кои ги нуди општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

## ПОДДРШКА НА ЗАНАЕЧИСТВОТО И МАЛИТЕ ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ

Мини саеми и бесплатна промоција.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА

Еден од двигателите на економскиот развој е инфраструктурата. Целта на локалната власт предводена од ВМРО –ДПМНЕ е привлекување на нови инвестиции, поддршка на постоечките инвеститори и отворање на нови работни места. Локалната власт ќе се стреми да ги подобри условите во индустриската зона во координација и соработка со бизнис заедницата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРЕТПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ (ИПА)

Подобрување на капацитетот на човечките ресурси за реализирање на проекти за прекугранична соработка и искористување на ИПА - фондовите. Општинската администрација редовно ќе биде

испраќана на обуки за изготвување на проекти со стандарди и норми кои ги исполнуваат критериумите на Европската унија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/меѓународни фондови.

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ОПШТИНСКИ КАНЦЕЛАРИИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ ОД ИНСТИТУЦИИ ОД ЦЕНТРАЛНО НИВО

ONE STOP SHOP, во рамки на општината ќе се изградат канцеларии кои ќе даваат административна помош на граѓаните и компаниите за пристап до јавни услуги кои се даваат на централно ниво.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЛОКАЦИИ ЗА НОВИ БИЗНИСИ

Одржување и редовно ажурирање на постојните бази на податоци за државни локации на кои граѓаните ќе можат да почнат свои бизниси во областа на сточарството, земјоделството, туризмот и слично. Согласно со потребите и интересот на граѓаните општината ќе утврдува нови локации на кои ќе може да се инвестира.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Информациско–комуникациските технологии денес се есенцијална алатка во секојдневниот живот на граѓаните. Затоа, од особена важност е пристапот до ИКТ да биде овозможен и поддржан за сите граѓани, без разлика на нивното место на живеење, познавања за ИКТ, возраст, образование, финансиски средства, дали се работи за лица со инвалидност, лица од социјално-маргинализирани групи итн. Следењето на светските трендови се јавува како императив. За реализација и остварување на конкретен информатички развој неопходни се континуирани инвестиции во набавка и осовременување на информатичката структура.

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен wifi и оптичка мрежа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТУКТУРА

Современата инфраструктура е основа за развој и привлекување на инвестиции на локално ниво, а добрата сообраќајна поврзаност претставува нејзин значаен елемент. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава основа за рамномерен регионален развој. Инвестирањето во патната инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска

## РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРНА ПОВРЗАНОСТ

Регионална патна инфраструктура и поврзаност.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт/ меѓународни фондови.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕДОВНИ И СЕКОЈДНЕВНИ АВТОБУСКИ ЛИНИИ

Еден од најгорливите проблеми со кои се соочуваат жителите на цела Општина Брвеница, а посебно жителите од населените места Стенче и Волковија е пристапноста до јавниот превоз од овие населени до Тетово и од Тетово. Со непристапност до јавниот превоз најзасегнати се: работниците, учениците и пензионерите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

Инвестиции во подобрување на локалната патна и велосипедска инфраструктура, градење на места за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз – функционален и еколошки јавен превоз.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

### ОДРЖЛИВ УРБАН РАЗВОЈ

Нов одржлив концепт на урбанизација и домување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

### УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Изработка на урбанистички планови за населените места за кои досега не се донесени урбанистички планови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.

### ДОИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИОНИТЕ МРЕЖИ

Со освојување на локалната власт од страна на ВМРО-ДПМНЕ во фокусот ќе биде заштита на животната средина и подигнување на квалитетот на животот на граѓаните. За таа цел ќе стремиме кон доизградба на канализационите мрежи во населените места: Брвеница, Долно Седларце, Милетино и Челопек.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.

### ЦЕЛОСНА ОБНОВА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ ВО БРВЕНИЦА И ДОЛНО СЕДЛАРЦЕ

Еден од најважните и најголемите проекти во четиригодишниот мандат е целосната обнова на водоводниот систем и водоводната мрежа во Брвеница и Долно Седларце и проширувањето на истата до и низ индустриската зона.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт/меѓународни фондови.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИ

### ВАЖЕН ПРЕДУСЛОВ ЗА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА ЕДНА ОПШТИНА Е И ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

која влијае врз севкупната економска активност, работа и инвестирање. Приоритетни улици за поплочување и асфалтирање се:

| Н. Место | Локација |
|---|---|
| Брвеница | „Бр. Јаниќ“ |
| Брвеница | „Браќа Стефановиќ“ |
| Радиовце | „Нова населба“ |
| Стенче | „2 улици“ |
| Милетино | „2 улици“ (доасфалтирање) |
| Милетино | До црква „Св. Петка“ |
| Теново | Теново „Св. Недела“ |
| Блаце | 300 м. во селото и спрема црквата „св. Троица“ |
| Волковија | До црквата „Св. Ѓорѓија“ (изл. место „Чука“) |

Општина Брвеница со цел да обезбеди подобар живот на граѓаните ќе се фокусира кон реконструкција и санација на патната инфраструктура. За таа цел предвидуваме санација и реконструирање на следните патишта:

| Н. Место | Локација |
|---|---|
| Блаце-Милетино | Целиот пат |
| Волковија | Главен пат |
| Седларце | 2 улици |
| Челопек | Горни Челопек |

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МОСТОТ НА РЕКАТА ВАРДАР НА ПАТОТ ДО СЕЛО МИЛЕТИНО

Општина Брвеница ќе изврши реконструкција на мостот на реката Вардар на патот до село Милетино.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ДОВРШУВАЊЕ НА КЛУЧКАТА КАЈ БРВЕНИЦА

Клучката кај село Брвеница е еден од клучните проекти кој беше започнат во времето на ВМРО-ДПМНЕ. Истата е делумно реализирана во еден патен правец односно постои влез во Брвеница од автопат Скопје кон Гостивар. Останува да се доврши излезот од Брвеница кон патниот правец Скопје.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се допринело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развој на здрава психофизичка личност кои се основните приоритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

## МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ

Модернизација на сите училишта согласно ЕУ стандарди и подобрување на условите за учење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

Стипендии за ученици и студенти од социјално загрозените семејства.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## СТИПЕНДИИ ЗА НАЈУСПЕШНИТЕ УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ

Стипендии за ученици и студенти кои ќе освојат национални или меѓународни награди и признанија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР

Студиски посети и стручни семинари и работилници со збратимени општини во областа на образованието.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВО МОНТАЖНО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО ДОЛНО СЕДЛАРЦЕ, НОВИ ПРОСТОРИИ ВО БРВЕНИЦА И РЕНОВИРАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО СЕЛО СТЕНЧЕ И СЕЛО ВОЛКОВИЈА

Руинирани училишта на кои им се потребни нови простории и итно реновирање за пристојни услови за учење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДА НА ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА БРВЕНИЦА

Сите училишта ќе добијат енергетски ефикасни фасади.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.



# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји, можеме да ја приближиме Општина Брвеница до нивниот животен стандард, а со тоа и да го подобриме локалниот економски развој.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Јакнење на капацитетите на граѓанските организации со цел аплицирање на ЕУ проекти и интензивирање на соработка со ЕУ преку воспоставување на ЕУ локални информативни центри.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

Долгорочни партнерства и збратимување со општини од ЕУ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.



# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред сè одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

Идната власт на ВМРО-ДПМНЕ во Општина Брвеница се залага за зелена архитектура, изградба на центри за управување со отпад, воведување на концептот на циркуларна економија преку паметно управување со отпадот и материјалите и целосен третман на отпадните води.

## ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Гасификација и обезбедување на приклучок за газ до секој дом, субвенции за градење на соларни и фотоволтаични панели, 100% покриеност со штедливо лед јавно осветлување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2024 година.

## КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ ОД Ј.П. „ВАРДАР“

Поставување на канти за отпадоци во населените места и редовно чистење на улиците и парковите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

## УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА БОГОВИЊСКА РЕКА

Поради поплавите со кои секоја година се соочуваат жителите на Општина Радиовце, ќе се уреди и прошири речното корито на Боговињска Река и ќе се преземат сите чекори за спречување на поплави.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ЧИСТЕЊЕ НА ДОЛОТ ВО СЕЛО СТЕНЧЕ

Чистење и уредување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

Чистење, градежен и комунален отпад и уредување на просторот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ЧИСТЕЊЕ НА ОСТАНАТИТЕ РЕЧНИ КОРИТА И КАНАЛИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ

Редовно чистење и уредување на речните корита и канали за наводнување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој, општините својот економски развој се повеќе го препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ТУРИСТИЧКИ БИРОА

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## Е-МААП

Креирање на туристичка апликација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Изработка на брошури и видео клипови за промоција на локалниот туризам.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ОД КЛУЧКА БРВЕНИЦА ДО СЕЛО ВОЛКОВИЈА

Поради сè поголемата употреба на велосипедот како превозно средство но и како средство за спорт и рекреација, во насока на искористување на потенцијалот кој Брвеница го поседува и зголемување на безбедноста на велосипедистите, ќе се изгради велосипедска патека од Клучка во село Брвеница до село Волковија. Исто така ќе се постават столбови за осветлување покрај патот надвор од населените места.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПЛАНИНАРСКА ПАТЕКА ОД СЕЛО ЧЕЛОПЕК ДО СЕЛО ГУРГУРНИЦА СО ПОПАТНИ ЛЕТНИКОВЦИ – ВИДИКОВЦИ

Изградбата на оваа пешачка патека е значајна за развој на туризмот во Брвеница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА ТРИМ – ПАТЕКА ПОКРАЈ РЕКАТА ВАРДАР

Изградбата на оваа трим-патека е значајна за рекреација, спорт и развој на туризмот во Брвеница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПАРК ВО СЕЛО БРВЕНИЦА И СЕЛО ЧЕЛОПЕК

Квалитетот на животната средина и природата се огледало на секоја држава, на секој град и секоја општина. Преку нивно создавање и негување, се создаваат услови за здрав живот на сите граѓани.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирањето и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно допринесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини.

## ПОДОБРА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Реконструкција на постоечките спортски објекти и градење на нови спортски центри за различни спортови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## РЕНОВИРАЊЕ И ВРАЌАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА СПОРТСКАТА САЛА „МАКЕДОНИЈА“

Реновирањето на спортската сала „Македонија“ и подмирување на долговите за струја со цел истата повторно да биде ставена во функција, по што ќе биде дадена на управување на О.У. „Кочо Рацин“, Брвеница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

Просторна и техничка подршка на спортските клубови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ЗА ДЕЦА И ПЕНЗИОНЕРИ

Мултифункционални игралишта за деца и пензионери во сите села.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ИЗГРАДБА НА МИНИ ПАРКОВИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ

Изградба на мини паркови со реквизити за забава на деца во населените места Радиовце, Челопек, Брвеница и Долно Седларце.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## ОПШТИНСКА УЧИЛИШНА СПОРТСКА ЛИГА

Во рамки на општината и во соработка со училиштата, ќе се формира училишна спортска лига, со што низ координиран системски пристап ќе се унапреди развојот на училишниот спорт преку тренинзи и одигрување на фудбалски (машки) и одбојкарски (женски) натпревари меѓу училишните екипи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

## НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Поддршка на културни настани и манифестации, поддршка на локалните културни друштва и отворање на едукативни центри за култура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.





# 11. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

### ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Мапирање на сите категории на лица, соодветна нега и заштита на истите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 – 2025 година.

### ИЗГРАДБА НА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА

Јавно-приватно партнерство за згрижување на стари лица.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / јавно-приватно партнерство.

**Рок на реализација:** 2021 – 2023 година.

# 12. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

### АКТИВИРАЊЕ НА ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО СО НАЈМАЛКУ ДВЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА.

### ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АМБУЛАНТНО ВОЗИЛА ЗА ПРВА ПОМОШ.

### ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БУЛДУЖЕРИ ЗА РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА.

- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КОСАЧКА НА ГРАНКИ ПОКРАЈ ПАТ.**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОГРЕБАЛНО ВОЗИЛО.**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ.**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНИ КУРСЕВИ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ И КОМПЈУТЕРИ.**

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*